## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

**Дел-1- Рентгенска цевка**

Вредност без ДДВ: 4 300 000.00, 18% ДДВ:774 000.00

Вкупна вредност со ДДВ: 5 074 000.00

**Дел-2- Работна рака за инсталација на делот од ставка 1 и калибрација и пуштање во работа на апаратот**

Вредност без ДДВ: 48 500.00, 18% ДДВ:8 730.00

Вкупна вредност со ДДВ: 57 230.00

**Вкупната вредност на договорот за предметната набавка изнесува 4 348 500.00 без ДДВ, односно со ДДВ: 5 131 230.00 Денари.**

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 5

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од **14 дена** од приемот на цврста нарачка од договорниот орган.

Местото на испорака е ЈЗУУ Клиника за Неврологија - Скопје. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договор. Рокот и местото на испорака се задолжителни.

Испораката на стоките се смета за извршена со потпишување на испратница и работен налог за монтажа и ставање во функција на апаратот, од овластено лице на Договорен орган и овластено лице на Носителот на набавката.

**Договорниот орган нема обврска за целосно исцрпување на наведените количини.**

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Договорот се склучува во времетраење од една година или до целосна реализација на истиот.

## VIII.ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за купувачот. Банкарската гаранција да се достави при потпишување на Договорот , во спротивно Договорот се смета за неважечки.